# ДИМИТАР МАЛИДАНОВ

## DIMITAR MALIDANOV







Изложбата се реализира во рамките на проектот
„Кич, да!? / Сте или не?“ / 2013
и ќе биде поставена во повеќе градови во Македонија

"Во внатрешниот ликовен свет на творештвото на Малиданов симболот на никнењето буењето, бликањето е доминантен ликовен елемент. Тоа е затоа и суштествена тематска специфика на неговиот графички лист. Опседнат од она што никне во светот на природата: од билки и овошки, растенија и плодови, треви и лисја; опседнат од една медитеранска ботаника, поточно од цел еден нејзин хербариум опседнат, потем, од загадочната атмосфера на старите македонски цркви и манастири, атмосфера длабоко нурната во неговиот графички лист, творештвото на Димитар Малиданов го доживуваме не само со силна ликовна, туку, истовремено, и со силна метафизичка сугестија. (…)

Со редукцијата на физичките граници на предметот, откривајќи ни го низ неговите елементарни назнаки, Димитар Малиданов во своите графики отвора влез во еден неисцрпен и нездогледлив свет исполнет со многу оригинални семиотички и архетипски знаци и симболи. Овој редок графичар уште веќе во својата прва фаза беше ја достигнал својата ликовна зрелост, мудрост и интелктуалност, сфаќајќи дека не е непходно да се рече сѐ за во графичкиот приказ естетски да биде опфатено сѐ. Така, останувајќи само на назнаките на предметот, Малиданов ни откри една нова градба на графичката уметност кај нас исполнета со необична убавина, притоа реализирана со чисти ликовни средства без странични, било историски, било социјални, било психолошки примеси." (…)

Малиданов трага по нешто битно што било, но изчезнало и се изгубило во природата и историјата, но притоа останало во нас да тлее како призвук на едно меланхолично сеќавање што, инаку, го среќаваме во секој еден хербариум како жал по она што било па изчезнало, како жал за убавината што била па свенела. (…)

Неговата графика, според тоа, не е мимеза на предметниот свет, туку негова ликовна егзегеза, односно негово ново оживување во просторот меѓу предметите. Така тој доаѓа до необикнувување на универзумот на графиката, до нејзиниот имагинативен и надреален вознес при што кај него надреалното е секогаш длабоко вкоренето и содржано во реалното. Декомпонирајќи го природниот предмет, Малиданов потем од неговите делови создава една нова форма во која повеќе предметот не е во преден план, туку асоцијациите што тој ги разбудува во нас. Притоа, за него најважно од сѐ е како да се избегне расплинатоста, како неговиот графички лист да се здобие со цврстина, густина и збитост.

Во тоа, имено, ја гледам сушноста на неговата естетика на визуелноста која како црвена нишка се провлекува низ целокупниот негов графички опус. (1996)

*Георги Старделов*
(академик)









## ДИМИТАР МАЛИДАНОВ

Роден е на 5 декември 1946 година во Саракиново, Воденско. 1972 година дипломирал на одделот за сликарство на Академијата за ликовна уметност во Љубљана кај проф. Габриел Ступица. На истата академија 1975 година завршил постдипломски студии по графика кај проф. Марјан Погачник. 1976/1977 специјализирал литографија на Е.Н.С. де Бозар во Париз кај проф. Жорж Дајез. Од 1977 до 1981 работел во Музејот на современа уметност Скопје како ликовен соработник. Набргу по отворањето на Факултетот за ликовни уметности (ФЛУ) во Скопје тој се вработил како професор по графика. На ФЛУ работел од 1981-2012 год. Од 2006-2010 год. бил и декан на ФЛУ.
Досега имал триесеттина самостојни изложби, а учествовал и на преку 200 групни изложби во Република Македонија и надвор од неа. Покрај тоа учествува на ликовни колонии и работилници дома и во странство. Во 2001 година под неговото менторство се одржа графичката работилница, посветена на техниката сува игла.
За својата уметничка и педагошка работа Малиданов има добиено високи награди и признанија. Добитник е на највисоката награда за уметност на Република Македонија, награда 11 Октомври.





*Избор од самостојни изложби:*

| | |
|---|---|
| **1974** | Скопје, Уметничка галерија (со Д. Биков) |
| **1975** | Нови Сад, Уметничка галерија Трибина младих |
| **1977** | Париз, Галерија "FIAP" |
| **1979** | Њујорк, Југословенски центар |
| **1985** | Сарајево, Галерија Роман Петровиќ |
| **1990** | Белград, Културен центар |
| **1995** | Љубљана, Галерија Рихард Јакопич<br>Нова Горица, Галерија Артес<br>Пиран, Галерија Медуза<br>Цирих, Галерија Клодин Хол (со З. Јакимовски и Д. Николов) |
| **1996** | Скопје, Ликовен салон на МАНУ |
| **1997** | Ужице, Градска галерија |
| **2000** | Скопје, Галерија Аеро |
| **2001** | Струмица, Галерија РУ |
| **2002** | Љубљана, Галерија Тобачни музеј<br>Птуј, Изложбен салон на Библиотека И. Потрч |
| **2008** | Љубљана, Галерија Лек |
| **2011** | Битола, Галерија Магаза (со З. Х. и С. Б.) |
| **2000** | Прилеп, Центар за култура "Марко Цепенков" |

*Избор од групни изложби:*

| | |
|---|---|
| **1990** | Њукасл (Австралија), Современа македонска уметност<br>Битола, 7 триенале на современта југословенска графика |
| **1991** | Софија (Бугарија), 14 современи македонски уметници |
| **1992** | Белград (Србија), 10 години Отворено графичко ателје, Народен музеј<br>Темпи/Гринзборо (САД), Современа македонска уметност |
| **1993** | Љубљана, Изложба на графики од АЛУ 1972-1977<br>Лесковац (Србија), 1 меѓународно биенале на мала графика |
| **2003** | Фалун (Шведска), 1 меѓународно биенале на графика<br>Битола, 4. меѓународно графичко триенале |
| **2005** | Варна (Бугарија), 13 биенале на современа графика<br>Софија (Бугарија), Графики на седум македонски уметници<br>Ужице (Србија), 7 меѓународно биенале на графика, сува игла<br>Љубљана (Словениија), Од донацијата на М. и Б. Погачник |
| **2006** | Битола, 5 меѓународно графичко триенале<br>Халсберг (Шведска), 4 биенале на мал формат, Лилла Еуропа 2006<br>Нирнберг (Германиија), Македонска графика – дела на 12 уметници<br>Варна (Бугарија), 8 биенале на современа графика |
| **2008** | Скопје, 60 години прогон 1948-2008<br>Берлин, кажи, Македонија!<br>Битола, Балкански графички паралели<br>Скопје, Оргуљи за Скопје |
| **2009** | Суботица, Нови Сад, Подгорица, Графика 2009<br>Битола, 6 Меѓународно триенале на современа графика<br>Скопје, Балкан спирит |
| **2010** | Скопје, 65 години УПУ<br>Скопје, Заедно во Скопје<br>Скопје, 30 години ФЛУ |

*Дел од награди:*

| | |
|---|---|
| **1990** | награда на Триеналето на современа југословенска графика, Битола |
| **1993** | откупна награда за графика, МСУ, Скопје |
| **1994** | откупна награда на Нова Македонија на 1 меѓународно триенале<br>на современа графика, Битола |
| **1995** | Гран При на 2 меѓународно биенале за графика, Ужице<br>почесна награда на 8 меѓународно биенале за графика, Варна<br>награда 13 Ноември на Собранието на градот, Скопје |
| **1996** | награда 11 Октомври на Република Македонија, Скопје |
| **1997** | премија на 2 меѓународно триенале на современа графика, Битола |
| **2000** | Гран При на Зимски ликовен салон на ДЛУМ, Скопје |
| **2000** | посебно признание за придонес во развојот на современата уметност,<br>5 светско триенале на графика мал формат, Шамалиер |

***Контакт:***
Бул. Видое С. –Бато 17-1-1а, 1000 Скопје
e-mail: malidanov@gmail.com

















ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ
DIRECTORATE OF CULTURE AND ARTS - SKOPJE

Министерство за култура на Р. Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ
DIRECTORATE OF CULTURE AND ARTS - SKOPJE
бул. „Св.Климент Охридски" 58 б пошт. фах 519
тел/факс: ++389 02 3165 064, 3222 341
e-mail: skleto@unet.com.mk
www.dku.org.mk